РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Управа за хидрометеоролошки работи
Drejtoria për punë hidrometeorologjike
Бр.-Nr. 02 - 697/1
06.07. 20__ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ

# ГОДИШЕН ПЛАН

# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО УПРАВАТА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ

# ЗА 2022 ГОДИНА

Скопје, 2022 година

Управата за хидрометеоролошки работи е посветена на одржување на високи правни, етички и морални стандарди, почитување на принципите на интегритет, објективност и непристрасност и со својот начин на работа се бори против корупцијата и судирот на интереси.

Сите вработени се подеднакво посветени преку промовирање на културата на спречување на корупцијата и судирот на интереси да се олесни откривањето на случаите на корупција и да се обезбеди навремено и правилно решавање на таквите случаи.

За таа цел Управата за хидрометеоролошки работи изработи Годишен план на активности за 2022 година:

1. Систем за управување со борба против корупција:
   - Изработка на Политика за спречување на корупција, во која УХМР ќе ги дефинира обврските и должностите со цел спречување на корупцијата и преземање на обврски за спроведување на политиката за нула толеранција на мито и корупција.
   - Изготвување на Прирачник за управување со ризикот од корупција и судир на интереси кои имаат негативно влијание на управување со финансиите, имотот и угледот на организацијата, кои опфаќаат спречување на:
     - Големи престапи, вклучувајќи кражба, затајување, подмитување, фалсификување, лажно преставување, заговор (тајно договарање), перење пари и прикривање на материјални факти.
     - Злоупотреба на овалстувањата заради стекнување на лична корист за себе, поврзани лица или трета страна или предизвикување загуба на некој друг, при што намерата ќе биде клучен елемент во која измамата се разликува од неправилноста.
     - Судир на интерес кога непристрасното и објективно извршување на службените задачи на лицата е загрозено од причини кои вклучуваат семејството, чувства, политичка или национална припадност, економски интерес или друг заеднички интерес со подносител на понуда/добавувач или купувач/корисник на националните средства или на ЕУ.
2. Свесност и информираност:

   За подигање на свесноста и оспособување на вработените и ангажираните лица од страна на УХМР, планирани се обуки, на кои ќе се запознаат вработените со Политиката и прирачникот за управување со ризикот од корупција и судир на интереси кои имаат негативно влијание на управување со финансиите, имотот и угледот на организацијата.
3. Идентификување на надворешни фактори на корупција

   -Воспоставување на пропорционални мерки за спречување на корупцијата и судир на интереси со помош на проценка на ризикот, заради што на вработените ќе им се обезбеди минимум еднаш годишно обука со цел подобрување на системот на внатрешни контроли.

-Веднаш ќе ги разгледа сите случаи за сомневање за корупција и судирот на интереси или вистински настанатата корупција и судирот на интереси со цел подобрување на системот на внатрешни контроли.

-Ќе спроведува политика на нулта толеранција за корупцијата и судир на интереси и ќе воспостави силен систем за контрола во спречувањето и откривањето на корупција и судирот на интереси, до најголем можен степен, како и за намалување на нивниот ефект, доколку се случат.

Во декември 2022 ќе се подготви план за 2023 година, кој ќе содржи извештај за реализација на активностите од годишниот план за 2022 година.

Согласен:

Изработил: Горан Басовски

В.Д. ДИРЕКТОР

Одобрил: Виолета Ангелова Геровска

м-р Ивица Тодоровски